**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403 – 246/4**

**Скопје, 02.04.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КАРПОШ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Карпош сметка на Буџетот за 2005 година кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Карпош за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - д-р Андреј Петров – градоначалник од 1.01.2005 до 31.12. 2005 г.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 11.01.2007 до 17.01.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 16.03.2007 година со писмо број 08- 754/1 од 15.03.2007 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор од Градоначалникот на општина Карпош. Истите се разгледани и е констатирано следното :

- забелешките по наодот на точка 10.1.1. кои се однесуваат за неусогласување на Статутот на општината во законски утврдените рокови не се прифаќаат и наодот останува во Конечниот извештај.
- забелешките по наодите од точките 10.1.2., 10.2.1., 10.2.2., 10.2.3., 10.3.1. и 10.3.2. не се прифаќаат од причина што истите имаат карактер на одговор за преземени мерки по препораките а не на забелешки и истите остануваат како наоди во Конечниот извештај.
- забелешките по наодот на точка 10.4.1. што се однесуваат на издавање на деловен простор под закуп се прифаќаат делумно.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти**

11.1.1. Не е извршено усогласување на Статутот на општина Карпош во законски утврдените рокови согласно членовите 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ 5/2002).
Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што од 2006 година во примена е нов Статут на општина Карпош.

11.1.2. Склучен е договор број 08-590/1 од 5.06.2001 година меѓу општина Карпош и Град Скопје за вршење стручни и административни работи во врска со уредувањето на градежно земјиште кои Градот ги врши за сметка на општина Карпош, кој договор е со важност до 31.12.2004 година. Во 2005 година не е извршено продолжување на овој договор.
Како ефект од непостоењето на други акти за регулирање на ова прашање, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Како резултат на ова во 2005 година, општина Карпош има побарувања во износ од 539 илјади денари за кои нема обезбедено инструменти за обезбедување на нивната наплата;

- Обврзниците не секогаш ги плаќаат обврските во договорените рокови, обезбедените гаранции (граѓански чекови) не се секогаш номинирани, така што постојат случаи да депонираните чекови не обезбедуваат покритие на вкупниот износ на обврската;
- Општина Карпош нема поднесно писмени барања до Градот Скопје за застапување пред надлежен суд по основ на неплатени надоместоци од уредување на градежно земјиште согласно член 1 алинеја 7 од истиот договор. Како резултат на непревземање активности согласно Договорот, општина Карпош има евидентирано побарувања за неплатен надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 7,649 илјади денари, за кои не се покренати судски постапка за наплата на истите.

**Препорака:**

▪ Да се донесе акт за регулирање на начинот на наплата на надоместот за уредување на градежното земјиште на рати.

▪ Општина Карпош да превземе мерки за наплата по судски пат за неплатениот надомест за уредување на градежно земјиште од минати години.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Градоначалникот на Општина Карпош нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските одредби има влијание на вршење контрола на законското трошење на средствата од буџетот.

**Препорака:**

Органите на општина Карпош да постапат во склад со споменатата одредба од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.2.2. Општина Карпош нема воспоставено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законот и непостоењето на редовна внатрешна сметководствена контрола може да влијае на ненаменско и незаконско трошење на јавните средства и зголемени расходи кои се темелат на некомплетна и неверодостојна сметководствена документација.

**Препорака:**

Да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола со што ќе се обезбеди финансиските трансакции да се вршат согласно законските прописи, а финансиските извештаи да обезбедат целосни, вистинити и веродостојни информации за финансиските трансакции.

11.2.3. Општина Карпош нема воспоставено евиденција на побарувањата по основ на комунална такса за користење на простор пред деловен објект за вршење на дејност и комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и други населени места со цел на изложување на предмети, приредување на изложби и други забавни приредби за вршење на дејност. Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Причина за оваа состојба е тоа што службите кои ги издаваат овие документи не вршат нивно проследување до службата за сметководство како и невоспоставената внатрешна сметководствена контрола.

Невоспоставената евиденција придонесува за немање на податоци за побарувањата по овој основ и немање можност за преземање мерки за нивна наплата и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Службите на општина Карпош да изготват пишани процедури за протокот на документацијата и за нејзиното евидентирање.

11.2.4. Во одделението за финансии на општина Карпош депонирани се банкарски гаранции, барирани и граѓански чекови и други инструменти за обезбедување на наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Не е извршено вонбилансно евидентирање на овие средства, ниту пак комисијата за попис извршила попис на истите како туѓи инструменти за обезбедување на плаќањата кои се наоѓаат во општина Карпош што е спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Не евидентирањето на овие инструменти за обезбедување на плаќањето и неизвршувањето на пописот создава можност за неутврдување на реалната состојба, следење на доспеаноста и преземање мерки за активирање на истите, а со тоа и наплата на побарувањата и зголемување на приходите.
**Препорака:**
Да се оствари доследна примена на одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници при вршењето на пописот и воспоставување на потребната евиденција.

## 11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.3.1. Позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања се нереално и необјективно проценети поради неевидентирани побарувања по основ на закупнини од правни лица во вкупен износ од 160 илјади денари. Неевидентирањето на побарувањата е спротивно на одредбите на член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските прописи придонесува за немање увид во реалната состојба на побарувањата и изготвување на некомплетни финансиски извештаи.
**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство да воспостави евиденција на побарувањата по основ закупнини.

11.3.2. Ревизијата се оградува од реалноста и објективноста на позицијата Капитални средства и Извори на капитални средства како нејзина кореcподентна позиција во Билансот на состојба кои се проценети во износ од 15,692,983 илјади денари, и тоа :

- За евидентираното земјиште во вредност од 15,684.023 илјади денари за кое општината нема имотни и поседовни листи од надлежната институција за катастарска припадност на земјиштето, утрините, за големината на истите како и за место локацијата, а која состојба се пренесува од минати години;
- За евидентираните станови во вредност од 8,960 илјади денари кои се изградени со здружени средства за која состојба службите на општина Карпош немаат податоци од која година потекнуваат (до 2002 година сметководството е водено од п.е. на Министерството за финансии во Карпош). Кои станови се евидентирани кај јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, согласно Одлуката на Владата на РМ бр.23-6682/1 од 20.11.2001 година, со која како државна сопственост се евидентираат сите станови во РМ изградени со здружени средства по било кој основ и со истите стопанисува и управува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и за чија состојба општина Карпош добива редовни годишни известувања.

Непочитувањето на законската регулатива придонело за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални и необјективни финансиски извештаи.

**Препорака:**

- Службите на општина Карпош да превземат мерки за обезбедување на веродостојни сметководствени документи (поседовни или имотни листи) за недвижниот имотот со кој располага општината од соодветната институција;
- Органите на општина Карпош да постапат во склад со своите ингеренции да донесат конкретни одлуки и решенија за ажурирање на овие состојби согласно законските прописи и веродостојни документи.

### 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата

**Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

11.4.1. За издадениот деловен простор под закуп на физичко лице во барака во близина на седиштето на општина Карпош со договор склучен од 01.04.2002 година со важност од една година, не се превземени мерки за продолжување на договорот и издавање на просторот согласно законските прописи. Ваквиот начин на работа придонесува за намалување на транспарентоста и ја спречува конкуренцијата .

**Препорака:**

Располагањето со имотот да биде согласно одредбите од Законот за локална самоуправа.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Карпош под 31 декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.3, кај сметката на Буџетот на Општина Карпош, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

### 14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на општина Карпош во текот на ревизијата, а се однесуваат на:

### 14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

14.1.1. Извршено е зголемување на позиците Побарувања и Пасивни временски разграничувања во поединечен износ од 10 илјади денари по основ на побарувања за заеднички трошоци од работењето со п.е. на министерствата кои користат простории во бараките на општина Карпош, а кои како побарувања се евидентирани на сметката на Органот.

14.1.2. Иврршено е прекнижување на побарувачките салда од сметката Побарувања на побарувачка страна на сметката Обврски за примени аванси во износ од 1,292 илјади денари. Ова се средства кои обврзниците ги имаат уплатено во корист на општина Карпош по основ надомест за уредување на градежно земјиште, а за кои уплати одделението за сметководство сеуште нема добиено веродостојна документација (договор), односно постои реална основа уплатените средства да бидат вратени поради неизградени објекти.

**15. Обелоденување**

Ревизијата цени дека е потребно да ја обелодени состојбата дека до денот на ревизијата сеуште функционираат жиро сметките на месните заедници и истите остваруваат приходи по основ на закупнини иако согласно Законот за локална самоуправа истите можат да функционираат со истиите надлежности до локалните избори во 2005 година.

**Скопје 26.03.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 123.905 | 165.977 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1.070 | 7.019 |
| Капитални приходи | 3.3. | 1.445 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 22.314 | 20.268 |
| Домашно задолжување | 3.5. | 90 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **148.824** | **193.264** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.6.1 | 20.496 | 16.618 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.6.2. | 859 | 535 |
| Стоки и услуги | 3.6.3. | 53.263 | 22.167 |
| Субвенции и трансфери | 3.6.4 | 10 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **74.628** | **39.320** |
| **Капитални расходи** | 3.7. | 63.366 | 153.389 |
| **Отплата на главница** | | 0 | 451 |
| **Вкупно расходи** | | **137.994** | **193.160** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **10.830** | **104** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 10.830 | 104 |
| Побарувања | 4.1.2. | 36.022 | 21.209 |
| **Вкупно тековни средства** | | **46.852** | **21.313** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Природни богатства | 4.2.1. | 15.684.023 | 15.684.023 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.2. | 8.960 | 8.960 |
| **Вкупно капитални средства** | | **15.692.983** | **15.692.983** |
| **Вкупна актива** | | **15.739.835** | **15.714.296** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.3.1. | 1.292 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 45.560 | 21.313 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **46.852** | **21.313** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 15.692.983 | 15.692.983 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **15.692.983** | **15.692.983** |
| **Вкупна пасива** | | **15.739.835** | **15.714.296** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **15.692.983** | **-** | **15.692.983** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | - | - | - |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **15.692.983** | **-** | **15.692.983** |